АВТОРЕЗИМЕ
на докторска дисертација

# *„ОДНОСОТ МЕЃУ ВРЕДНОСТИТЕ И ПРИНЦИПИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА НЕЈЗИНАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА“*

од д-р Ана НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА

Европски студии за интеграција, Институт за социологија,
Филозофски факултет

под менторство на проф. д-р Билјана ВАНКОВСКА

Крајот на Студената војна и случувањата што потоа настанаа (распадот на СССР и распаѓањето на Југославија, голфската војна, чеченските војни, терористичките напади од 11 септември 2001 г., глобализацијата, војните на Блискиот и на Средниот исток, настапот на земјите од групата БРИКС, проширувањата на Европската унија, финансиската и економската криза, украинската криза, ширењето на исламскиот фундаментализам), не донесоа позитивни промени на светската политичка сцена. Водењето на меѓународната политика и понатаму е диктирано од класичните интереси на политичките субјекти. Единствената видлива промена е во формите и во начините на дејствување на меѓународните актери. Како еден од клучните фактори на меѓународната политичка сцена се јавува и Европската унија која се обидува да делува на нов начин во меѓународните односи, во својство на актер со нормативна моќ. Таа нормативна моќ била и е предмет на проучување на научната мисла. Теориската еволуција на сфаќањата за улогата на Европската унија како меѓународен актер, се движеше од „концептот на нормативна моќ” до „пристапот на нормативна моќ“, односно го помина патот од првата генерација на теории кои се занимаваа со теоризирање на концептот, преку втората генерација на теории кои ја обработуваа операционализацијата на поимите од концептот па сè до третата генерација на теории кои критички се осврнуваа на тој концепт.

Токму во рамките на третата генерација на теории спаѓа и докторската дисертација под наслов *Односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика*. Дисертацијата содржи вкупно 230

страници компјутерски обработен текст, односно ги содржи следните целини: ПРЕДГОВОР, СОДРЖИНА, АПСТРАКТ НА МАКЕДОНСКИ И НА АНЛИСКИ ЈАЗИК, СКРАТЕНИЦИ, ВОВЕД, ПРВА ГЛАВА (две поглавја и шест потпоглавја), ВТОРА ГЛАВА (три поглавја и шест потпоглавја), ТРЕТА ГЛАВА (пет поглавја), ЧЕТВРТА ГЛАВА (две поглавја и четири потпоглавја), ЗАКЛУЧОК, ПРИЛОЗИ (стр. 187 – 188), БИБЛИОГРАФИЈА (231 библиографска единица на латиница и 29 библиографски единици на кирилица, 42 единици на консултирани написи од печат, 7 консултирани договори на Европската унија) (стр. 189 – 211) и САЈТОГРАФИЈА (57 библиографски единици од интернет, 107 документи на Европската унија, 5 други документи, 3 веб портали, 4 блогови и 7 видеозаписи) (стр. 212 – 230). Освен содржината, докторската дисертација содржи и 203 фусноти.

Во **Воведот** (стр. 15 – 26), најпрвин се претставува улогата на Европската унија како нормативен актер во меѓународните односи, како главен протагонист и стабилизирачки фактор на меѓународната сцена кој се стреми да го обликува светот околу себе, и како клучен актер со кој нужно треба да се склучи договор заради обезбедување на посветла и посигурна иднина. Тргнувајќи од тоа, предметот на оваа дисертација се однесува токму на односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија виден низ призмата на нејзината надворешна политика.

Во продолжение на тоа, се **дефинираат основните поими на истражувањето** како вредностите, принципите, интересите, односот меѓу вредностите и принципите и друго, кои ја претставуваат концептуалната база на истражувањето, по што се прикажуваат **досегашните истражувања** од оваа област, поврзани со надворешната политика на Европската унија и со концептот на „нормативна моќ на Европската унија“. Потоа, се наведуваат **целите на истражувањето** кои се од два вида: научните кои се состојат во научна анализа и дескрипција на вредностите и принципите на Европската унија и на нејзината надворешна политика со цел да се утврди доследноста на примената на истите во меѓународните односи на Европската унија, во дефинирање на улогата на Европската унија во светската политика како нормативен или не-нормативен актер во меѓународните односи, и во научно предвидување за начинот на водење на надворешната политика на Европската унија во 21-от век;, и практичните цели кои се состојат во давање придонес во научните сознанија на науките што се занимаваат со оваа проблематика како теориите за анализа на надворешната политика, теориите за меѓународни односи, теориите за европска интеграција и други, како и во расветлување на реалностите во врска со водењето на надворешната политика на Европската унија и во согледување на

евентуални можности кои би ѝ помогнале на Република Македонија за полесно остварување на своите цели за европска интеграција.

Освен целите, наведени се исто така и **хипотезите на истражувањето** (една општа и пет посебни хипотези), според кои се постулира дека „*изменетото меѓународно опкружување и процесисте на внатрешна трансформација на Европската унија доведуваат до редефинирање на нејзината улога на нормативен фактор во светската политика, во насока на етаблирање како потрадиционален вид на глобален актер кој се води од класичните форми на водење на надворешната политика, при што расте јазот меѓу декларираните вредности и принципи и спроведувањето на надворешната политика, што како последица создава тешкотии во преземањето и инкорпорирањето на европските вредности во националните политики на земјите аспиранти*“ (стр. 22).

Во првата глава од дисертацијата е поставена **ТЕОРИСКАТА И КОНЦЕПТУАЛНАТА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** (стр.27-61). Во првото потпоглавје од првата глава, насловено **Европската унија и теориите за меѓународните односи**, паралелно се проучуваат теориите за меѓународните односи и теориите за европска интеграција, со цел да се пронајде местото на Европската унија во меѓународните односи, со оглед на тоа што таа претставува посебен субјект *sui generis*, кој од една страна, ја надминува рамката на меѓународна организација, но од друга страна пак, не го надминува класичниот концепт на европска држава. Во контекст на тоа, во првата група на теории, се издвојуваат и се разработуваат три парадигматски линии составени од реализмот, либерализмот и конструктивизмот, кои всушност ги претставуваат теориските гледишта во кои за прв пат почнала да се проучува Европската унија како дел од меѓународниот систем и како субјект способен да креира и да спроведува политики, но во кои, исто така, се проучува и анализата на надворешната политика како поддисциплина на теориите за меѓународни односи, која се занимава со објаснување и со разбирање на надворешната политика на државите, во конкретниот случај на Европската унија, која истовремено претставува и предмет и цел на изучување. Додека во втората група на теории, кои се раѓаат како резултат од неуспехот на теориите за меѓународни односи да најдат соодветна дефиниција на феноменот Европска унија, се издвојуваат и се разработуваат неколку теории како федерализмот, функционализмот, неофункционализмот, интегроверментализмот и социјалниот конструктивизам, кои се обидуваат да го објаснат процесот на европската регионална интеграција и да дадат решение на оваа меѓународната загатка. Освен овој придонес за теориските гледишта на природата на

Европската унија, третото потпоглавје говори за **Европската унија како актер во меѓународните односи** и ги разработува **концепциите за европската надворешна политика**, засновани на гледиштата на конструктивизмот и на анализата на надворешна политика. Така, се издвојуваат неколку концепти кои ја опишуваат меѓународната улога на Европската унија и нејзината надворешна политика, како на пример, концепот на „безбедносни заедници“ од Карл Дојч, концептот на „цивилна моќ на Европа“ од Франсоа Дишен, концептот на „меѓународно присуство“ од Ален и Смит, пристапот на „поволност, присуство и способност“, и други, кои пак, на некој начин се концептуално и еволутивно поврзани со концептот на „нормативна моќ на Европската унија“.

Во прилог на тоа, во првото потпоглавје од второто поглавје, се разработува разработува токму концептот на **Нормативна моќ на Европската унија**, започнувајќи од теориската градба за меѓународниот идентитет на Европската унија од Манерс и Витман, преку развојот на концептите за цивилна моќ и за нормативна моќ, па сè до неговата последна верзија на концепт на „етичка моќ на Европската унија“. Во овие рамки, концептот на „нормативна моќ на Европската унија“ е дефиниран како идеолошка моќ којашто се состои од способноста на Унијата да ги обликува концептите на „она што се смета за нормално“ во меѓународните односи. Ваквиот специфичен идентитет ѝ овозможува на Унијата да промовира рационално-вредносно надворешно однесување на меѓународната сцена, преку кое таа ги шири универзалните вредности на мирот, на демократијата, на владеењето на правото и на човековите права.

Како дополнување на тоа, во второто потпоглавје од второто поглавје се разработуваат елементите преку кои Европската унија ја шири својата нормативната моќ во меѓународните односи, претставени од: 1. нормативниот идентитет на Унијата, кој произлегува од природата на нејзиниот хибриден систем и од специфичната институционална структура и процес на донесување на одлуки, норми и процедури; 2. нормативните цели, кои ја претставуваат нормативната база на Европската унија заснована на алтруистички цели или *millieu goals,* врз основа на кои Унијата ја обликува надворешната средина во којашто дејствува; 3. нормативните инструменти, кои ја претставуваат активната димензија на нормативната моќ на Европската унија, врз база на кои Унијата ги шири нормативните цели, и во кои влегуваат сите оние инструменти кои се од економска, социјална, дипломатска и културна природа односно кои не се од воена природа; и 4. нормативното влијание, кое пак подетално е разработено во заклучоците од оваа докторска дисертација.

Освен позитивните прегледи за концептот на „нормативна моќ на Европската унија, во посебно потпоглавје (трето од второто поглавје), се наведувени и **Критиките на концептот на „нормативна моќ на Европската унија“**, кои воедно ги претставуваат основите за критичкиот осврт за кохерентноста на надворешната политика на Европската унија, односно на дуализмот меѓу „она што Европската унија е“ и „она што Европската унија го вели и прави“, и воопшто за концептот на „нормативна моќ на Европската унија“.

Преминувајќи кон диспозитивот на докторската дисертација, во втората глава, насловена **НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА** (стр. 63 – 109), се разработува надворешната политика на Европската унија прикажувајќи ја низ призмата на историско-еволутивен, структурно-дескриптивен, емпириско-аналитички и критички приказ. Така, поимувајќи ја како „*серија на политички акции што надворешните актери ги воспriемаат како акции на Европската унија, кои претставуваат происход од повеќеслојниот систем на владеење во надворешната политика на Унијата*” (стр. 65), во првото поглавје се прикажува **историјата и еволуцијата на надворешната политика на Европската унија**, започнувајќи од преговорите за Шумановиот план од 1950 год., врз кој се базира договорот за воспоставување на Европската заедница за јаглен и челик, па сè до Договорот од Лисабон од 2009 год. кој ѝ придава правна способност на Унијата (член 47), односно единствен меѓународен персоналитет. Како поткрепа на тоа, второто поглавје се разработува **структурата на системот на надворешната политика на Европската унија.** Според активностите на Унијата, надворешната политика се расчленува во пет категории и тоа: 1. Трговија и трговиски односи, 2. Заедничка надворешна и безбедносна политика и заедничка безбедносна и одбранбена политика, 3. Надворешни односи од областа на развојот, 4. Надворешна димензија на внатрешните политики на Унијата, и 5. Националните политики на земјите членки на Европската унија. Според компонентите вклучени за нејзиното изготвување и реализација, м-р Никодиновска Крстевска ја подредува структурата на системот на европската надворешна политика во: актери од европскиот систем, начини и процедури на креирање на политики на донесување на одлуки и инструменти на располагање за активација и имплементација на политиките на Унијата.

Вака поставениот скелет, се применува во третото поглавје посветено на **Кохерентноста на надворешната политика на Европската унија.** Во ова поглавје се прави спој, од една страна, меѓу класичните концепти на кохерентност на европската надворешна политика, прикажани низ надворешната и внатрешната димензија на

кохерентноста како и низ пограноците на последната, составени од вертикална, хоризонтална и институционална кохерентност на надворешната политика на Унијата и, од друга страна, меѓу концептот на „нормативна моќ на Европската унија“. Врз основа на тоа, се издвојува една работна дефиниција за кохерентноста на надворешната политика на Европската унија во термини на концептот на „нормативната моќ не Европската унија“, која подразбира „*степен на согласност и компатибилност меѓу надворешните цели на Европската унија и преземените активности на надворешна политика, кои придонесуваат за изградба на меѓународниот идентитет на Унијата и кои делуваат правопропорционално на нејзиниот кредибилитет*” (стр. 100).

Во следните две потпоглавја, насловени како **Примери за кохерентност во надворешната политика на унијата** и **Примери за некохерентност во надворешната политика на унијата**, се илустрира, низ конкретни примери, проекцијата на нормативната моќ на Унијата преку нејзината надворешна политика (како што се: аболицијата на смртната казна, промоцијата на Меѓународниот кривичен трибунал и потпишувањето и промоцијата на Протоколот од Кјото, или пак пристапот на Унијата кон израелско-палестинскиот конфликт и пристапот на Унијата кон кипарскиот конфликт).

Преминувајќи кон приказот и описот на вредностите и нивните фундаменти во европското уредување, во третата глава насловена **ВРЕДНОСТИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НЕЈЗИНАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА** (стр. 111 – 142), се разработуваат основните вредности на Европската унија кои всушност ја претставуваат нормативната база на Европската унија, врз основа на која Унијата се разликува од традиционалните актери во меѓународните односи. Потточно се разработуваат основните вредности на Европската унија во пет посебни поглавја, и тоа**: 1. Мир, 2. Слобода, 3. Демократија, 4. Владеење на правото** и **5. Почитување на човековите права**.

Првата вредност – **мирот**, освен што е прикажана низ договорните одредби на Унијата, таа е претставувена низ три историски димензии и тоа: оригинален мир, глобален мир и нов мир, во рамките на кои се објаснуваат основните интерпретации на мирот од страна на Европската унија, и нејзиното искуство во промоција и обезбедување на мирот. Втората вредност – **идејата за слобода**, исто како и претходната, е прикажана низ одредбите од основачките договори и други важни документи, врз коишто лежат фундаментите на европскиот економски простор, но и на граѓанско-политичките слободи и права, при што концептот на слобода се разгледува во неговите две димензии, индивидуалната и колективната, врз основа на кои се прикажуваат активностите што Европската унија ги промовира во нејзините надворешни односи, ставајќи притоа

нагласка на борбата против меѓународниот криминал и на заштитата на Областа на слободата, на безбедноста и на правдата.

Третата вредност што се се обработува, е **демократијата**, како една од универзалните вредности од кои се инспирира и на кои се заснова Унијата. Претставена заедно со доброто владеење, демокартијата се опишува како далекусежна цел на Европската унија, преку која Унијата воспоставува виртуозна врска со развојот, како и со човековите права и со превенцијата на конфликти, а врз основа на кои таа ги промовира демократските принципи во своите надворешни односи со трети земји. Што се однесува до **владеењето на правото**, како четврта вредност на Европската унија втемелувачка за кохерентноста и за континуитетот на Европскиот проект, тоа е претставено низ текстуалните одредби од договорите и разработено низ една концептуална призма која вклучува три нивоа, и тоа: 1. супранационална димензија, 2. институционална димензија и 3. меѓународна димензија, врз база на кои се опишуваат приоритетните цели на Европската унија.

И на крај, петтата вредност – **почитувањето на човековите права**, кое претставува инспиративен принцип на надворешните односи и основа за надворешно однесување на Европската унија, тоа детално се разработува низ основачките документи на Европската унија и низ другите меѓународни документи кои ги универзализираа човековите права. Притоа, се прикажува неговото промовирање преку примената на инструментите на позитивна и на негативна условеност на Европската унија во односите со своите партнери, преку примената на „клаузулата за човекови права“ во меѓународните договори, како и преку финансиската поддршка кон трети земји.

Верификацијата на поставените хипотези од почетокот на дисертацијата, се реализира во четвртата глава која е насловена како **ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДНОСОТ МЕЃУ ВРЕДНОСТИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА НЕЈЗИНАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА** (стр. 143 – 172). Во неа, преку примери од праксата, се разоткриваат причините за некохерентата надворешна политика на Европската унија и за отстапките од проекцијата на нејзините нормативни цели и принципи. При изборот на случаи, се тргнува од примерот со Украина и украинската криза, и истовремено се вклучуваат и одредени примери од надворешната политика на Европската унија кон останатите конфликти во земјите од Источното партнерство, како што се: конфликтот во Нагорно – Карабах, конфликтите во Абхазија и Јужна Осетија, и конфликтот во Трансистрија.

Оваа глава се заснова на веќе разработената истражувачка рамка од претходните глави, вклучувајќи ги притоа постулатите и карактеристиките на концептот на нормативна моќ на Европската унија како и приказите на надворешната политика на Европската унија и проекцијата на нејзините вредности низ надворешната политика. Така, во првото поглавје од четвртата глава, насловено како **Надворешна политика на Европската унија кон земјите од Источното партнерство**, се прави приказ на надворешната политика на Европската унија кон земјите од Источното партнерство, и притоа се наведува правната и институционалната рамка на меѓусебните односи на Унијата со другите земји, низ која се гледа формалниот пристап што Унијата го има кон остатокот од светот. Во второто поглавје од четвртата глава, насловено како **Случаи на некохерентна надворешна политика на Европската унија**, се врши детална анализа преку студиите на случај. Во случајот со **украинската криза**, се опишува некохерентната надворешна политика на Европската унија кон неа, се прави анализа на вклученоста на Европската унија во двете украински револуции – Портокаловата и Европскиот мајдан, се прикажува влијанието што некохерентната надворешната политика на Унијата го извршила врз Украина, и секако се обелоденуваат причините кои стојат зад некохерентната надворешна политика на Европската унија кон неа: амбивалентниот карактер на политиката за соседство, борбата за сфери на влијание меѓу Европската унија и Руската федерација и енергетската безбедност на Европската унија. Во случаите на **конфликтите во Нагорно – Карабах**, во **Абхазија и Јужна Осетија** и во **Транснистрија**, се следи разработената шема од претходниот случај, опишувајќи ја некохерентната надворешна политика на Европската унија кон овие конфликти, пришто се прави трансверзално поврзување на причините за некохерентната надворешна политика на Европската унија кон украинската криза со оние кон останатите три конфликти.

Во **ЗАКЛУЧОКОТ** (стр. 173 – 185) од докторската дисертација, најнапред се изложува една ретроспектива на настаните од светската сцена кои директно или индиректно ја засегнале Европската унија, а потоа се прикажува теорискиот развој на концептот на „нормативна моќ на Европската унија“, кој се движел од „концепт на нормативна моќ“ до „пристап на нормативна моќ“. Во продолжение, се дава одговор на истражувачкото прашање од почетокот на дисертацијата: „што“ е тоа што влијае врз напуштањето на нормативно-заснованиот идентитет на Европската унија, и „зошто“ и

„како“ доаѓа до отстапување од вредностите и до придвижување кон посесивните интереси во водењето на надворешната политика на Европската унија.

Така, се утврдува дека националните интереси на земјите членки, обликувани од моќта, стратешките интереси и идентитетот, и изразени преку нивните политики, влијаат врз напуштање на нормативниот идентитет на Европската унија и врз отстапување од принципиелната надворешна политика на Унијата. Земјите членки - поединечно, групно или колективно, ги наметнуваат сопствените позиции врз нормативната агенда на Европската унија и врз правецот во кој се движи надворешната политика на Унијата. Студиите на случај докажуваат дека некохерентната надворешна политика на Европската унија е производ на колективните интереси на земјите членки насочени кон придобивање кон себе на земји кои се под руска сфера на влијание, како и на интересите поврзани со амбивалентиот карактер на политиката за соседство на Унијата, (што земјите членки го користат со цел да издејствуваат спроведување на реформи кај соседните земји, а без притоа да се оптеретуваат дополнително себеси ниту пак Унијата на политички, на финансиски и на институционален план), како и тоа дека некохерентната надворешна политика се должи на групните и на поединечните интереси на земјите членки кои, заради обезбедување на енергетска безбедност од страна на рускиот гас, не навлегуваат во руската традиционална сфера на влијание и се воздржуваат од директно спротивставување со Руската федерација.

Во одговорот на прашањето „како“ доаѓа до отстапка, се наведува дека несоодветната и/или непропорционалната примена на нормативните инструменти на Европската унија во однос на поставените цели се согледува во следното: 1. во однос на украинската криза, во ненавременото потпишување на договорот за асоцијација и немањето на јасен став во однос на европската интеграција на Украина; 2. во однос на конфликтот во Нагорно – Карабах, во немањето јасна стратегија кон разрешување на конфликтот како и во слабата заинтересираност и вклученост на Унијата; 3. во однос на конфликтите во Абхазија и Јужна Осетија, во запоставувањето на приоритетот на решавање на конфликтите, во двојно-аршинскиот пристап на Европската унија кон конфликтните страни како и во различниот пристап кон нивното меѓународно признавање и кон признавањето на Косово; 4. во однос на конфликтот во Транснистрија, во недоволниот ангажман и во запоставувањето на решавањето на конфликтот како и во различниот третман кон конфликтните страни.

Во генералниот заклучок од спроведените истражувања, се наведува дека Европската унија отстапува од нормативната проекција на своите вредности и принципи и своето меѓународно однесување го моделира според реалистичките постулати на меѓународните односи кога се соочува со ситуации кои се закануваат на интересите и безбедноста, како на Унијата така и на земјите членки. Врз основа на тоа, се дава согледување за насловот на докторската дисертација, кој од функција се претвора во исказ, и се наведува дека „*во сопоставувањето на вредностите и на политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика, преовладуваат токму политиките на Унијата како последица на националните интереси на земјите членки*“ (стр. 177 – 178). Според тоа, Европската унија претставува субјект *sui generis* со специфичен меѓународен идентитет, кој не се раководи според објективното разбирање на моќта, но кој сепак, во водењето на нејзината некохерентна надворешна политика, не се разликува многу од традиционалните актери во меѓународните односи – државите. Врз основа на тоа, се заклучува дека „*епитетот на ‘нормативна моќ во меѓународните односи’ е само еден демагошки експеримент, што го користат било поединечно било колективно земјите членки, па дури и поединци во високите кругови на политичките европски институции, како прикривна маска за остварување на нивните стратешки и посесивни интереси, кои во спротивно би биле тешки или невозможни за достигнување, или пак би биле премногу скапи. Со други зборови, нормативната моќ како* idée force *на Европската унија не претставува ништо друго освен еден инструмент на политичкиот прагматизам во XXI век, односно само една варијанта на* Realpolitik *во меѓународните односи.*“ (стр. 178).

На крајот, се навраќа на целите и на хипотезите на истражувањето, и се наведува нивното поединечно исполнување и потврдување, и воедно се приложуваат научни предвидувања за начинот на водење на надворешната политика на Европската унија, за нејзиното влијание врз конфигурацијата на меѓународните односи во XXI век и за правецот во кој ќе се движи целокупната меѓународна политика, како и се наведува и поука за евроинтеграциските процеси на Република Македонија.

Што се однесува до **методолошки пристап на ова истражување,** тој се состои од неколку постапки и тоа: анализа на содржината на официјалните документи на Европската унија и на примероци од светски списанија и сајтови специјализирани за Европската унија, за надворешната политика и за меѓународните односи; средување, обработка и интерпретација на податоците, врз основа на кои се утврдува нивната

наклонетост или неутралност во однос на хипотезите; примена на општиот метод на сознание преку кој се поставува теориската и методолошката истражувачка рамка на дисертацијата, изградена врз теориите за меѓународни односи, теориите за европска интеграција и теориите за анализа на надворешната политика, врз основа на кои пак, преку примена на методите на анализа и синтеза и на дефиниција и класификација се утврдува и се дефинира меѓународната улога на Европската унија и нејзиниот меѓународен идентитет на нормативна моќ во меѓународните односи.

Во продолжение, преку примена на методите на историскиот материјализам и методите на генерализација, специјализација и класификација, се разработува надворешната политика на Европската унија и на нејзините актери, и се прави приказ на нејзината структура и определба на начинот на креирање и на водење на заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија; се врши анализа на вредностите и принципите на Унијата кои се содржани во основните документи на Унијата или кои произлегуваат од конкретни преземени акции на Европската унија во однос на неколку случаи, како и, преку методите на дефиниција и на класификација се определуваат поимите и значењата на вредностите, принципите и перцепциите на Унијата, какви што им ги придаваат клучните актери и агенти на европската надворешна политика и академските набљудувачи; по ова, преку студиите на случај и преку дедуктивно-индуктивниот метод се извлекуваат научни докази за степенот на доследност и кохерентност на Европската унија во примената на европските вредности во својата надворешна политика и се определува дуализмот меѓу „она што Европската унија е“ (нејзините цели, вредности и принципи) и она што Европската унија го вели и прави“ (нејзините политики и акции), за на крај, преку компаративно-индуктивниот метод на проучување на конкретните случаи, да се дојде до научен заклучок со кој ги потврдуваат  поставените хипотези.